# Правила за наградната игра “Сподели Coca-Cola”

## Член 1: Назив и седиште на трговското друштво

Организатор на наградната игра “Сподели Coca-Cola” е ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје, со седиште на улица Франклин Рузвелт 37/3, 1000 Скопје и ЕДБ МК4030996253997 (во понатамошниот текст Организатор).

## Член 2: Услуги и производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра

Цел на наградната игра организирана од ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје е рекламирање на производите на Пивара Скопје АД (Нарачател на наградната игра).

Во наградната игра учествуваат следните производи и пакувања:

- Coca-Cola и Coca-Cola Zero од 250 ml во стаклена амбалажа со промотивно, специјално обележано наградно пакување, кои имаат код на внатрешната страна на задната етикета;
- Coca-Cola, Coca-Cola Zero, Coca-Cola Cherry и Fanta Orange од 450 ml во пластична амбалажа со промотивно, специјално обележано наградно пакување, кои имаат код под бело промотивно капаче;
- Лименки Coca-Cola и Coca-Cola Zero од 330 ml во промотивно, специјално обележано наградно пакување, кои имаат код под отварачот на лименката;
- Лименки кои се продаваат во мултипак пакувања на Coca-Cola Zero 6x330 ml кои имаат код под отварачот на лименката (во понатамошниот текст заедно како “Промотивни пакувања”).

## Член 3: Име, опис и времетраење на наградната игра

Официјалното име на наградната игра е “Сподели Coca-Cola**”.**

Право на учество во наградната игра имаат сите полнолетни физички лица, жители на Република Северна Македонија, кои ги прифаќаат и исполнуваат условите на овие правила (Учесници).

Наградната игра ќе се одвива преку Coca-Cola мобилна апликација и ќе се доделуваат дневни награди по пат на инстант добивка преку т.н. добитни моменти (winning moments) и награди по пат на извлекување. Услов за започнување и учество во Наградната игра е потрошувачот да купи било кој од производите наведени во член 2 од овие Правила.

**Апликација**
За потрошувачот да стане учесник во Наградната игра потребно е да ја превземе Coca-Cola апликацијата, да креира свој профил и да го внесе кодот од внатрешната страна на етикетата, од под капачето или под отварачот на лименката од Производите кои учествуваат во наградната игра, а се наведени во член 2 од овие Правила.

Coca-Cola апликацијата може бесплатно да се превземе од Google Play Store за уреди со Android оперативен систем или од Apple Store за уреди со iOS оперативен систем (во понатамошниот текст: “Апликацијата”).

Апликацијата ја има следната иконка

Апликацијата може да се превземе и директно со скенирање на QR кодот кој е поставен на пакувањата на производите кои учествуваат во Наградната игра и рекламните материјали во продажните места каде се продаваат тие производи.

Со преземање на апликацијата, потрошувачот треба да потврди дека ги прифаќа условите на истата.

За да може учесникот да креира профил, неопходно е во апликацијата да ги внесе следните податоци: корисничко име, валидна адреса за е-пошта, држава и датум на раѓање. Сите корисници на Coca-Cola апликацијата, што веќе ја имаат инсталирано и имаат креирано свој профил, со внесување на кодот од внатрешната страна на етикетата, од под капачето или под отварачот на лименката од Производите наведени во член 2 од овие Правила, се регистрираат и имаат право за учество во наградната игра и ги прифаќаат условите на истата.

**Внесување на кодови**

Секој учесник во наградната игра може да учествува со внесување на кодови од Производите кои учествуваат во наградната игра, а се опишани во член 2 од овие Правила, во Coca-Cola апликацијата наведена погоре, за кои во апликацијата ќе добива по 1 (еден) поен во вид на “Bestie” поен. Собраните поени корисникот може да ги види полето “Инфо за биланс” на самата апликација.

Секој внесен код, без разлика од кое пакување од Производите наведени во член 2 од овие Правила потекнува, се конвертира во 1 (еден) поен во вид на “Bestie” поен.

Секој код е уникатен (единствен) и може да биде внесен во Coca–Cola апликацијата само еднаш. Еден учесник може да учествува во наградната игра неограничен број пати и има шанса да освои повеќе различни награди, но со различни кодови.

По внесувањето на кодот, учесникот ќе добие една од следните нотификации, преку самата Апликација:

- Доколку се внесе валиден код, учесникот ќе добие нотификација: ”Успешно! Дали сакаш да внесеш уште некој код?”
- Доколку ист (односно веќе искористен) код се внесе по втор пат, ќе се добие нотификација:”Кодот е веќе искористен.”
- Доколку се внесе погрешен код, ќе се добие нотификација: ”Погрешен код.”
- Доколку се внесе код за кој нема активна промоција, ќе се добие нотификација: ”Кодот не е активен.”

**Користење на "Bestie" поените**

Секој учесник во наградната игра откако ќе го внесе кодот може да избере дали ќе го искористи поенот за да учествува во инстант добивка преку **добитни моменти (winning moments)** или во **извлекување по случаен избор на главната награда (lucky draw)**.

Доколку учесникот избере да учествува во можноста за инстант добивка преку добитни моменти, “Bestie” поенот го користи со клик на полето означено со “да си ја испробам среќата” во самата Апликација, со што ќе биде искористен еден поен. Веднаш потоа учесникот ќе добие порака во Апликацијата дали искористениот поен е добитен или не, односно дали освоил награда. Која награда ја освоил добитникот може да види на својот профил во Апликацијата.

Со секој обид за добивање на награда учесникот губи, односно користи по еден поен. Добиените поени со внесување и конвертирање во кодови не мора да се искористат во моментот на внесување, но треба да се потрошат до крајот на наградната игра (16.7.2025 година до 12:00 часот).

Добитниците, како и освоените награди се одредуваат по компјутерски пат со користење на алгоритам за случаен избор. Алгоритмот по случаен избор одредува добитен момент и првиот поен кој е искористен по тој момент станува добитен, во таа прилика алгоритмот одредува и награда која ќе го освои добитниот “Bestie” поен.

Доколку учесникот сака да учествува **во извлекувањето** по случаен избор потребно е во апликацијата да размени 1 поен со купон за извлекување. Секој купон има уникатен број, а бројот на купони од разменети поени за учество во извлекување е неограничен.

При извлекувањето, од сите регистрирани купони за тоа извлекување, по случаен избор ќе бидат извлечени уникатните броеви на купони кои ќе добијат награда (подетално опишано во член 8 од овие Правила).

Доколку корисникот има потешкотии да го внесе кодот во апликацијата, треба да сочува фотографија од истиот и да го контактира контакт-центарот на телефонскиот број 02/ 3207 751 секој работен ден од 9:00 до 17:00 часот, за проверка и помош.

**Траење на наградната игра**
Наградната игра започнува на 26.05.2025 година, во 12:00 часот и трае до 16.07.2025 година до 12:00 часот.

По завршување на наградната игра (на 16.07.2025 година во 12:00 часот) престанува можноста за искористување на преостанатите поени од страна на учесниците во наградната игра, како и можноста за добивање на награди.

Сите генерирани поени во тек на наградната игра, се валидни исклучиво за оваа наградна игра. По завршувањето на наградната игра сите генерирани поени на профилот на учесникот ќе бидат избришани и нема да постои можност за нивно понатамошно користење. Поени генерирани за време на претходни промоции и наградни игри во апликацијата, нема да бидат активни и нема да може да се користат во оваа наградна игра.

**Техничка функционалност**
Учеството во наградната игра подразбира заинтересираните да имаат пристап до интернет (Internet) со сопствени технички средства.

Доколку корисникот има потешкотии да го внесе кодот во апликацијата, треба да сочува фотографија од истиот и да го контактира контакт центарот на телефонскиот број 02/ 3207 751 секој работен ден од 9:00 до 17:00 часот, за проверка и помош.

Со апликацијата управува единствено Coca-Cola Services S.A која е одговорна за нејзината функционалност. Во секој случај, Нарачателот, Организаторот и Coca-Cola Services S.A не се одговорни за било какви индикативни проблеми или техничка нефункционалност на телефонските мрежи или линии, онлајн компјутерските системи, сервер или провајдер, компјутерските компоненти, софтвер, неможност за праќање или примање податоци заради недоволен простор или заради технички проблеми или застој на интернет или на која било веб страница заради причини кои не се во нивна контрола, виша сила или комбинација од овие настани, вклучително и поради исклучување на интернет-конекција, дејство на компјутерски вируси, малициозни или нелегални дејства или интервенции на трети лица и/или измамнички активности кои би можеле да отежнат или спречат учество во Наградната игра или поради кои учеството или регистрација на Апликацијата е одложено или оневозможено.

**Права на организаторот и нарачателот**

Организаторот на наградната игра го задржува правото да ги одбие сите испратени кодови кои се стекнати на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на кој било начин. Организаторот, односно Нарачателот не одговара за повремени технички пречки, прекини на работата на Coca–Cola апликацијата или прекини во интернет сообраќајот.

Доколку се открие дека кој било корисник на Апликацијата ги прекршува правилата на учество или има сомнение дека се обидува да ја пробие мрежата, системот или софтверот, неговото учество во Наградната игра веднаш се откажува, со можност против таквиот корисник да бидат преземени и сите други мерки на заштита и санкција, вклучително и пред надлежни органи.

## Член 4: Територија

Наградната игра се организира и спроведува на територија на Република Северна Македонија.

## Член 5: Рекламирање

Наградната игра ќе се рекламира во електронските медиуми (телевизија, радио и интернет, социјални медиуми), печатените медиуми и други медиуми, како и на местата каде се продаваат производите наведени во член 2 од овие Правила.

## Член 6:  Награден фонд

Наградната игра располага со награден фонд од вкупно 2188 награди кои може да се освојат и тоа:

- Ваучер за патување во износ од 123 400 денари: 2 награди
- По 2 влезници за The Festival (организатор Пасворд Продукција): 50 награди
- Marshall звучник: 14 награди
- Apple AirPods 4: 14 награди
- Apple iPhone 16 128GB: 14 награди
- Мини Фрижидер Coca-Cola: 14 награди
- Маица Coca-Cola: 1040 награди
- Пешкир Coca-Cola: 1040 награди

| Дневни награди | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на награда | Количина | Вредност на награда со ДДВ | Вкупна вредност на нагада со вклучен ДДВ |
| Звучник Marshall | 14 | 13.500,00 | 189.000,00 ден |
| Слушалки AirPods 4 | 14 | 9.500,00 | 133.000,00 ден |
| Телефон Apple Iphone 16 128GB | 14 | 58.490,00 | 818.860,00 ден |
| Мини Фрижидер Coca-Cola | 14 | 2.647,00 | 37.058,00 ден |
| Пешкир Coca-Cola | 1.040 | 477,00 | 496.080,00 ден |
| Маица Coca-Cola | 1.040 | 340,00 | 353.600,00 ден |
| The festival влезници x 2 | 50 | 1.900,00 ден | 190.000,00 ден |
| Вкупно | - | | **2.217.598,00 ден** |

| Награди кои може да се освојат во извлекувањата | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на награда | Количина | Вредност на награда со ДДВ | Вкупна вредност на награда со вклучен ДДВ |
| Ваучер за патување | 2 | 123.400,00 ден | 246.800,00 ден |
| **Вкупно** | **2** | | **246.800** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупен награден фонд** | **2** | | **2.464.398** |

Вкупниот максимален награден фонд за целото траење на наградната игра изнесува **2.464.398 денари**.

## Член 7:  Услови за учество во наградната игра

Право на учество во Наградната игра имаат сите полнолетни физички лица, жители на Република Северна Македонија, кои ги прифаќаат и исполнуваат условите на овие правила (учесници). Во наградната игра забрана за учество имаат лицата кои во текот на времетраењето на наградната игра се вработени кај Организаторот на наградната игра (ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје), Нарачателот (Пивара Скопје АД), НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ Скопје, ВОРХОЛ ДООЕЛ Скопје,  The Coca-Cola Company и членовите на нивните потесни семејства.

Услов за започнување и учество во Наградната игра е потрошувачот да купи било кој од производите наведени во член 2 од овие Правила во промотивно пакување. На тој начин, во периодот на времетраењето на Наградната игра и под условите на Наградната игра, наведени во овие Правила, стекнува можност да стане учесник во Наградната игра.

Со преземање на Coca-Cola апликацијата и прифаќање на условите на истата, креирање на профил и внесување на кодот од внатрешната страна на етикетата, од под капачето или под отварачот на лименката кои се дел од Производите наведени во член 2 од овие Правила, потрошувачите се регистрираат за учество во наградната игра.

Со внесување на кодови од Производите кои учествуваат во наградната игра во Coca Cola апликацијата се добиваат “Bestie” поени, видливи  во полето “Инфо за биланс” на самата апликација.

Секој код е уникатен (единствен) и може да биде внесен во профилот на Coca-Cola апликацијата само еднаш. Едно лице може да учествува во наградната игра неограничен број пати, но со користење различни кодови (од различни пакувања).

Поените може да се искористат за учество во инстант добивка преку можноста за добивка преку добитни моменти (winning moments) или во извлекување по случаен избор (lucky draw).

Правилата на наградната игра, начинот и условите за учество во наградната игра, како и нејзиното времетраење, Организаторот ќе ги објави на  веб страницата coca-cola.mk, пред започнување на наградната игра, а по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии.

## Член 8. Определување на добитници во наградната игра

Во наградната игра предвидено е да се доделат вкупно 2188 награди на исто толку добитници. Од нив, 2186 награди (од кои 50 добитници на влезници за The Festival добиваат по 2 карти) ќе се доделуваат преку инстант механизам наречен “добитни моменти”, а 2 главни награди ќе се доделуваат преку извлекување по случаен избор во даден термин.

Наградите преку инстант - механизмот **“добитни моменти”** се освојуваат на следниов начин:

- При искористување на еден “Bestie” поен со клик на полето означено со “да си ја испробам среќата” во самата апликација, учесникот веднаш ќе добие порака на екранот дали искористениот поен е добитен или не, односно дали освоил награда. Со секој обид за добивање на награда учесникот губи/користи по еден поен.

- При освојување на награда, учесникот на својот профил во апликацијата може да види која награда ја освоил и уникатниот код на истата (ИД број на наградата).
- Добитниците ќе се определуваат автоматизирано, без влијание на човечки фактор.
- За доделување на предвидените награди во текот на секој ден, по случаен избор се определуваат добитни моменти кои се менуваат секојдневно. Добитниците како и освоените награди се одредуваат по компјутерски пат со користење на алгоритам за случаен избор. Алгоритмот по случаен избор одредува добитен момент и првиот искористен поен по тој момент, односно во периодот од почетокот на одреден добитен момент сѐ до почетокот на новиот добитен момент, станува добитна. Во таа прилика алгоритмот ја одредува и наградата. Сите корисници кои ќе искористат поен по првиот корисник, односно откако ќе се додели награда во одреден добитен момент сѐ до почетокот на новиот добитен момент ќе добијат порака дека не се добитници на награда.
- Во случај во тековниот добитен момент да нема искористено ниту еден поен, наградата предвидена за тој добитен момент се префрла во следниот добитен момент. Притоа, доколку во добитните моменти во тековниот ден не се доделат сите предвидени награди за тој ден и останат недоделени награди, истите се префрлаат и ќе бидат доделени следниот ден.

Наградите преку механизмот **извлекување по случаен избор** може да се освојуваат на следниов начин:

- За да учествува во извлекување на награди, потребно е учесникот претходно во апликацијата да изврши размена на еден “Bestie” поен со купон за извлекување. Секој купон ќе има уникатен број.
- Бројот на купони со кој еден учесник може да учествува во извлекувањето е неограничен.
- Во извлекувањето учествуваат сите регистрирани корисници на апликацијата кои преку апликацијата извршиле размена на “Bestie” поен со купон за учество во извлекување и добиле потврда за купен купон за учество во извлекувањето во периодот од **12:00 часот на 26.05.2025 година до 12:00 часот на 16.07.2025 година.**
- Добитниците се одредуваат автоматизирано по компјутерски пат со користење на алгоритам за случаен избор, без влијание на човечки фактор.
- При извлекувањето, сите регистрирани купони за тоа извлекување, по случаен избор ќе бидат извлечени уникатните броеви на купони кои ќе добијат награди.
- **Извлекувањето во наградната игра ќе се одвива во едно коло, и тоа на 22.07.2025 година во 14.00 часот**.
- Во извлекувањето ќе бидат извлечени двајца добитници на по еден ваучер за патување во вредност од 123.400 денари.

Во извлекувањето ќе се извлекуваат уште два резервни добитници во случај добитникот да не биде достапен на контакт - центарот или пак да не сака да ја подигне наградата.

Доколку се појави пречка за доделување на наградата, односно добитникот внел невалидни податоци при регистрација во рок од **10 работни денови** односно **до 05.08.2025 година**, од било која причина, за која не е и нема да биде одговорен Организаторот, ниту пак Нарачателот на наградната игра, ќе се смета дека не сака да ја подигне наградата и тој/таа го губи правото на награда и наградата преминува на следниот резервен добитник.

Наградите ќе се извлекуваат автоматизирано, без влијание на човечки фактор од страна на специјално креиран софтвер за оваа намена инсталиран во просториите на НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, со седиште на ул. Црвена Скопска Општина бб, 1000 Скопје. Дата центарот е лоциран на следнава адреса Hardtrumstrasse 161, 8005 Цирих, Швајцарија.

За спроведувањето на наградната игра ќе се грижи жири комисија со членови составени од:

1) Претставник од Пивара Скопје АД Скопје;
2) Претставник од ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје и
3) Претставник од НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ СКОПЈЕ

**По завршување на наградната игра (на 16.07.2025 година во 12:00 часот) престанува можноста за искористување на претходно генерираните поени и добивање на награди.**

## Член 9. Објавување на резултатите од наградната игра

Добитниците на награди ќе бидат објавени на веб страницата **coca-cola.mk** во рок од три дена од денот на извлекување на наградите, односно во рок од три дена од денот на определување на добивките и добитниците.

Добитниците на награди, со самото учество во наградната игра, се согласни доколку добијат некоја награда, нивната е-маил адресата со која се регистрирани на апликацијата (со скриени 5 карактери) и наградата која ја добиле, да бидат јавно објавени на веб страницата www.coca-cola.mk

Со учеството во оваа наградна игра, учесниците изречно изјавуваат и потврдуваат дека се согласни со собирање, обработка и пренос на нивните лични податоци на начин опишан во овие Правила. Целта на користење и трансфер на погоре наведените лични податоци од страна на Организаторот е исклучително да помогне во спроведувањето и во администрирањето на учеството во наградната игра, односно за доделување на наградата. Со учество во Наградната игра и прифаќање на овие правила добитникот е согласен податоците за испорака (единствен код на наградата, име, презиме, контакт телефон, е-пошта и адреса за достава), односно овие лични податоци, да бидат проследени до правното лице (курирската служба) кое ја организира испораката на наградите.

## Член 10. Доделување на наградите

Наградите ќе бидат доделени во рок не подолг од 60 дена од објавувањето на добитниците. По истекот на овој рок, Организаторот нема никаква одговорност за евентуалното неподигање на доделените награди.

Добитниците на награди ќе треба да го оставаат податоците опишани подолу во овие правила потребни за достава на наградата на микросајтот www.naracajpodarok.mk, најдоцна до:

- **16.08.2025 година за дневни награди (Marshall звучник, Apple AirPods 4, Apple iPhone 16 128GB, Мини Фрижидер Coca-Cola, Маица Coca-Cola, Пешкир Coca-Cola,)**

- **до 25.06.2025 година за влезниците за The Festival и**
- **до 05.08.2025 година за Ваучер за патување во износ од 123.400 денари**.

Добитници на Ваучер за патување во износ од 123.400 денари од ”Авиотурс Травел Сервис”, истиот ќе го добијат во електронска верзија на нивната е-маил адреса која, најдоцна до наведениот рок, ќе ја внесат на микросајтот www.naracajpodarok.mk. Ваучерот може да се искористи за било кој тип на достапна услуга што го нуди ”Авиотурс Травел Сервис” со седиште на улица Петар Поп Арсов бр. 38 Скопје. Ваучерот што ќе го добијат во електронска верзија на нивната е-маил адреса ќе може да го искористат најдоцна до 31.12.2025.

Потребни податоци за Ваучер за патување се:
- име и презиме
- телефонски број
- е-пошта/ е-маил адреса
- единствен код на наградата
- ЕМБГ поради вредноста на наградата над 5000 денари.

Ваучерот за патување во износ од 123.400 денари од ”Авиотурс Травел Сервис” ги вклучува следниве услуги:
- Локален трансфер низ Република Северна Македонија;
- Трансфер од Република Северна Македонија до некој од околните аеродроми во соседството;
- Авионски билети до било која достапна дестинација во светот;
- Организиран пакет - аранжман (може и да е од друга туристичка агенција од Република Северна Македонија) и
- Патничко осигурување.

Ваучерот не може да се искористи за услуги во Република Северна Македонија.
Добитниците не можат да го заменат својот ваучер за паричен износ еднаков на неговата вредност, ниту пак за кој било друг предмет. Вредноста на наградата не е делива и се искористува одеднаш во целост.

Добитникот е одговорен за поседување валиден документ (пасош, лична карта и/или виза) за влез и престој во одбраната земја.

Сите добитници на **дневни награди од Техномаркет** (Marshall звучник, Apple AirPods 4, Apple IPhone 16 128GB**)** во рок не подолг од 60 дена од извлекувањето на наградата и објавување на истото, ќе добијат ваучер во електронска верзија за нивната награда на нивната е-маил адреса, со кој ќе може да ги подигнат своите награди директно во продажните места на Техномаркет со прикажување на ваучерот и важечка лична карта на увид заради нивна идентификација и утврдување на правото за учество во наградната игра, најдоцна до 30.09.2025 година.

Потребни податоци за наградите од Техномаркет се:
- име и презиме
- телефонски број
- е-пошта/ е-маил адреса
- единствен код на наградата
- ЕМБГ поради вредноста на наградата над 5000 денари.

Сите добитници на **2 влезници за The Festival,** истите ќе ги добијат во електронска верзија на денот на почеток на фестивалот на нивната е-маил адреса која, во определениот рок, ќе ја внесат на микросајтот www.naracajpodarok.mk најдоцна до 25.06.2025 година. Добитникот е одговорен за организирање на превоз и сместување.

За сите останати награди (Мини Фрижидер Coca-Cola, Маица Coca-Cola, Пешкир Coca-Cola,) добитникот ќе добие потврдна порака во самата апликација, со уникатен код на наградата и линк до микросајтот www.naracajpodarok.mk каде треба да ги остави потребните податоци со цел организирање на достава на наградата до адресата за достава.

Добитникот ќе треба да ги испрати следните податоци: име, презиме, адреса за достава, место/ град, контакт телефон и е-пошта.

Наградата ќе му биде доставена на добитникот од страна на курирска служба на наведената адреса за достава. При прием на наградата добитникот ќе треба да потпише Изјава за примена награда.

Вработените кај правното лице (курирската служба) за достава на брзи пратки ќе извршат увид во документ за лична идентификација на добитникот. Доколку добитникот не е полнолетен, не може да ја подигне наградата.

Доколку добитниците не ги внесат потребните податоци или не внесат точни податоци за достава на наградата, како и во случај доколку не се на адресата при обид за достава на наградата и не одговорат на повикот од страна на курирската служба за дополнително договарање на времето на достава, или одбијат да приложат документ за лична идентификација ќе се смета дека не сакаат да ја подигнат наградата, а Организаторот нема да се смета за одговорен по било кој основ. Притоа, за главните награди ќе се пристапи на доделување на следниот резервен добитник.

Во случај на доставување на нецелосни или неточни лични податоци, наградата нема да биде доставена.

Потребни податоци за достава на наградите преку курирска служба се:

- име и презиме
- адреса за достава
- место/ град
- поштенски број
- телефонски број
- е-пошта/ е-маил адреса
- единствен код на наградата

За да биде доставена наградата неопходно е сите потребни податоци да бидат точни и да се однесуваат на полнолетно лице. Во случај да се доставaт нецелосни или неточни лични податоци или податоци за лице кое не е полнолетно, наградата нема да биде врачена.

Добитниците не може да ги заменат своите ваучери и награди за паричен износ еднаков на нивната вредност, ниту пак за кој било друг предмет. Вредноста на наградата не е делива и се искористува одеднаш во целост.

По истекот на 60-те дена од последното извлекување, Организаторот нема никаква одговорност околу наградите. Во случај да нема доволно пријавени учесници за да се доделат планираните награди – наградите остануваат како недоделени и му остануваат на Нарачателот на наградната игра (Пивара Скопја АД).

**Член 11. Право на приговор**

Секој учесник има право да поднесе приговор за текот на наградната игра до Организаторот во рок од 5 (пет) дена од објавување на добитниците на веб страната а Организаторот ќе одговори на приговорот во рок од 5 (пет) дена од денот на неговиот прием.

**Член 12. Несовпаѓање**

Во случај на печатни грешки во рекламните материјали или несовпаѓање на фотографиите од наградите и нивниот реален изглед, Организаторот, односно Нарачателот нема да се смета за одговорен.

**Член 13. Одговорност**

Организаторот и Нарачателот одрекуваат било каква одговорност за било каква штета настаната од или во врска со реализацијата на оваа наградна игра (реална или изгубена добивка), на било кои трети лица, освен доколку таквата штета не настанала по изречна вина на Организаторот, односно Нарачателот, особено што се однесува на следното:

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од страна на Нарачателот (Пивара Скопје АД).
- Организаторот ќе биде одговорен до целосна реализација на наградите, односно до подигнувањето на наградите или најдоцна до 60 дена од денот на завршување на наградната игра.
- Со плаќањето на персоналниот данок (за награди во вредност над 5.000 денари) и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.
- Организаторот, односно Нарачателот, нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање на штети кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградата.
- Организаторот, односно Нарачателот, не презема одговорност во случај на спор помеѓу учесниците во наградната игра во врска со сопственоста на капачињата или отварачите за лименки со кодови од пакувањата наведени во член 2 од овие Правила.
- Организаторот, односно Нарачателот не превзема одговорност за функционалноста на апликацијата, системот и механизмот преку кој ќе се одвива наградната игра, доделувањето, доставувањето и превземањето наградите и наградните ваучери. За евентуални повремени технички пречки и прекини на

работата на Coca-Cola апликацијата, одговара компанијата NV Coca-Cola Services SA лоцирана на следната адреса Chaussée de Mons 1424, 1070 во Брисел, во чија сопственост е апликацијата.

- Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик. Со самото учество во наградната игра учесникот се согласува, доколку добие некоја награда, неговата е-маил адресата со која е регистриран на апликацијата (со скриени 5 карактери) и наградата која ја добил, да бидат јавно објавени на веб страницата www.coca-cola.mk и во апликацијата Coca-Cola.
- Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда доколку потроши поголема сума на пари.
- Организаторот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради невозможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки врзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.
- Извлекувањето на награди по случаен избор ќе се спроведе од страна на НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ Скопје и ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје. Дата центарот на НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ Скопје е лоциран на следнава адреса Hardtrumstrasse 161, 8005 Цирих, Швајцарија.
- Пивара Скопје АД Скопје, НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ Скопје и Ворхол ДООЕЛ Скопје ќе бидат определени лица овластени за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на оваа наградна игра. Овластените лица своерачно ќе потпишат и Изјава за тајност и заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

**<u>Член 14. Одобрение за обработката на личните податоци</u>**

Добитниците на **награди од Техномаркет** (Marshall звучник, Apple AirPods 4, Apple IPhone 16 128GB) се согласни при подигање на наградата да се изврши увид во добитниот код и личната карта на добитниците, со цел нивна идентификација и утврдување на правото на учество во наградната игра, односно дали лицето е полнолетно. Добитниците се согласни да ги достават следните податоци: единствен код на наградата, име, презиме, е-пошта, контакт телефон и ЕМБГ, на микросајтот www.naracajpodarok.mk.

Доколку добитникот на наградата не е полнолетно лице, нема да му биде овозможено да добие награда како размена на добитниот бар код.

Добитникот е согласен да потпише изјава за подигната награда каде ќе треба да ги остави следните податоци:

- име и презиме
- телефонски број
- е-пошта/ е-маил адреса
- единствен код на наградата
- ЕМБГ поради вредноста на наградите над 5000 денари

Добитниците на сите останати награди за кои се врши достава, се согласни да ги достават следните податоци: единствен код на наградата, име, презиме, е-пошта, адреса за достава и контакт телефон, на микросајтот www.naracajpodarok.mk, со цел достава на наградата до адресата на достава. Наградата ќе му биде доставена на добитникот од страна на курирска служба на наведената адреса за достава.

Добитниците на 2 влезници за Д-фестивал, се согласни да ги достават следните податоци: единствен код на наградата, име, презиме, е-пошта и контакт телефон, на микросајтот www.naracajpodarok.mk, со цел достава на наградата на нивната е-пошта.

Добитникот на **награда со вредност над 5000 денари** е согласен да ги достави следните податоци: единствен код на наградата, име и презиме, е-маил адреса и телефонски број, адреса за достава и ЕМБГ, со цел доделување на наградата. Добитниците на награди во вредност над 5000 денари треба да го дадат и својот ЕМБГ за да може Организаторот во нивно име да изврши уплата на персоналниот данок за добиената награда, односно да исполни законска обврска.

Целта на користење и трансфер на податоци од страна на Организаторот е исклучително да помогне во спроведувањето и во администрирањето на учеството во наградната игра и исплата на даночни обврски по повод истата. Организаторот ќе ги користи и обработува личните податоци на добитниците исклучиво за целите на Наградната игра и тоа заради идентификација на добитникот, заради проверка на правото за учество во наградната игра и за испорака на наградата и вршењето увид во личната карта е потребно за да се утврди правото на учество во наградната игра.

Субјектите кои ќе ги реализираат ваучерите при увидот на истите треба да го потврдат идентитетот на добитникот. За таа цел, на добитникот може да му биде побаран документ за лична идентификација на увид.

Од страна на ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје, Пивара Скопје АД Скопје, НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ Скопје и Ворхол ДООЕЛ Скопје ќе бидат определени лица овластени за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на оваа наградна игра. Овластените лица своерачно ќе потпишат и Изјава за тајност и заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на наградната игра согласно закон.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека личните податоци ќе ги обработува и чува во период од 3 месеци по завршувањето на наградната игра дека во овој период ќе применува технички и организациски мерки кои ќе обезбедуваат соодветен степен на тајност и заштита на лични податоци на субјектите на лични податоци. После тоа истите ќе ги уништи согласно неговите процедури за уништување документи, а според прописите за заштита на лични податоци.

Апликацијата е во сопственост на компанијата NV Coca-Cola Services SA лоцирана на следната адреса Chaussée de Mons 1424, 1070 во Брисел. Дата центарот на компанијата NV Coca-Cola Services SA се наоѓа на Amazon Web Services Ireland Region со ентитет Amazon Web Services Inc на адресата 440 Terry Ave N, Seattle, WA 98109

Дата центарот на контакт центарот НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ Скопје е лоциран на следнава адреса Hardtrumstrasse 161, 8005 Цирих, Швајцарија.

Дата центарот на Microsoft Azure сервисот кој ќе биде закупен за поставување на базата и хостирање на веб страницата www.naracajpodarok.mk се наоѓа во Цирих, Швајцарија.

**Член 15. Прекинување на наградната игра**

Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила, согласно член 9 од Законот за игри на среќа и забавни игри, вклучувајќи ја неможноста на Организаторот да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја. Во овој случај, Организаторот, по известувањето и добиената согласност од Министерството за финансии, треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, за причините за прекинувањето и за датумот на прекинување преку соопштение во медиумите.

**Член 16. Потенцијални спорови**

Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците на наградната игра, надлежен е Основниот граѓански суд Скопје во Скопје.

**Член 17. Задолжителни правила**

Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за Финансии ќе издаде Дозвола за приредување на игра на среќа – наградна игра и истите ќе важат сè до завршувањето на наградната игра. Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

Сите заинтересирани може да добијат примерок од правилата на наградната игра на свој трошок од канцелариите на ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје.
За дополнителни информации учесниците може да се јават на телефонскиот број 02/ 3207 751 секој работен ден од 9:00 до 17:00 часот, во периодот од 05.05.2025 година до 16.8.2025 година.

**Организатор**
**ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје**